# М И С Л Е Њ Е
## за Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје

Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје во текот на месец јануари 2019 година изврши ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година, кои што вклучуваат Консолидиран биланс на успех, Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран Извештај за финансиска состојба, Консолидиран Извештај за промени во капиталот и Консолидиран Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Консолидацијата ги вклучува финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на консолидираните финансиски извештаи што завршува со 31 декември 2018 година, Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2018 година, додека главната ревизија се изврши во 2019 (јануари и март).

Менаџментот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиските извештаи во согласност со законските регулативи во Република Северна Македонија.

Со задоволство го прифаќаме Извештајот на независниот ревизор на Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје според кое консолидираните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално и објективно финансиската состојба на Групата на 31 Декември 2018 година, и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А
## за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на**
**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година.
2. Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи претставува прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач